РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Април 2012 година



Скопје, јуни 2012 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Април 2012 година

- Индустриското производство во април 2012 година во однос на март 2012 година забележа пад од 2,5%;
- Стапката на инфлација на месечна основа изнесува 1,1%, додека на годишна основа изнесува 2,2%. Просечната стапка на инфлација во првите четири месеци од 2012 година изнесува 2,5%;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот во периодот јануари - април 2012 година од 13,9%, со вредносен пад од 6,0% и пад на увезените количини на стоки од 3,4%, со вредносен пад од 4,0%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 1,0% во однос на истиот период од 2011 година;
- Помало остварување на вкупните приходи во Буџетот од 1,0% и раст на вкупните расходи од 1,1% во периодот јануари-април 2012 во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 4.417 милиони денари (0,9% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 3.056 милиони денари (0,6% од БДП);
- Раст од 8,5% на годишна основа на вкупните кредити кон приватниот сектор и раст од 9,3% на вкупниот депозитен потенцијал на банките;
- Намалување на бројот на регистрирани невработени лица за 14,7% во април 2012 година споредено со истиот месец лани.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Индустриското производство во април 2012 година во однос на март 2012 година забележа пад од 2,5%. Секторската анализа укажува дека пад има во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација од 0,3%, Преработувачка индустрија од 2,8% и Рударство и вадење камен од 2,7%. Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во април 2012 година изнесува 0,4 %, што укажува на негативни сезонски ефекти во индустријата. Висок раст на месечно ниво е остварен кај следните гранки: Производство на моторни возила, приколки и полуприколки 65,2%, Производство на тутунски производи 53,2%, Печатење и продукција на снимени медиуми 13,2% и Производство на други неметални производи 10,1%, Преработка на дрво, производи од дрво и плута 9,5% и Производство на фабрикувани метални производи освен машини и опрема 9,2%.

Индустриско производство (во %) - април 2012 година

| | м/м-12 | м/м-1 | I-IV 2012 / I-IV 2011 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | -7,2 | -2,5 | -8,1 |
| Рударство и вадење камен | -3,2 | -2,7 | -8,5 |
| Преработувачка индустрија | -7,0 | -2,8 | -6,6 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -10,3 | -0,3 | -16,0 |

Извор: ДЗС

Во април 2012 година индустриското производство забележа пад од 7,2% во споредба со април 2011 година. Ваквиот пад делумно се должи и на високата основа, имајќи предвид дека во април претходната година е остварен висок раст на индустриското производство од 11,8%. Анализирано по сектори, секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација забележа пад од 10,3%, секторот Преработувачка индустрија од 7,0%, а Рударство и вадење на камен од 3,2%.




Во рамки на преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 9 од 23 гранки, кои сочинуваат 19,25% од индустриското производство. Забележителен раст е остварен кај следните гранки: Производство на тутунски производи 86,7%, Производство на фабрикувани метални производи освен машини и опрема 86,4%м, Производство на производи од гума и производи од пластични маси 45,6% и Производство на останата опрема за транспорт 30,9%.

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во април 2012 година има Производство на тутунски производи

(5,0 п.п.), а најголем негативен придонес има Производство на кокс и рафинирани нафтени производи (-3,7 п.п.).

На кумулативна основа индустриското производство во периодот јануари – април 2012 година во однос на истиот период од 2011 година регистрира пад од 8,1%, што е последица на падот на производството во сите сектори. Преработувачка индустрија забележа пад од 6,6%, Рударство и вадење на камен од 8,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 16,0%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во април 2012 во однос на април 2011 година покажуваат раст на производството кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка 5,1% и Капитални производи 1,2%. Пад на производството е забележан во следните групи: Трајни производи за широка потрошувачка 57,7%, Енергија 27,4% и Интермедијарни производи, освен енергија 2,3%.




На месечно ниво податоците за индустриското производство по наменски групи во април 2012 година покажуваат зголемување на производството во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка 3,7%. Месечен пад е забележан кај групите: Капитални производи 15,3%, Трајни производи за широка потрошувачка 9,2%, Интермедијарни производи, освен енергија 5,9% и Енергија од 3,2%.

На кумулативна основа, во првите четири месеци од 2012 година во однос на истиот период од минатата година раст на производството е забележан во групите Интермедијарни производи освен енергија 0,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 0,3%, додека во останатите групи е забележан пад, и тоа: Трајни производи за широка потрошувачка 47,6%, Енергија 24,9% и Капитални производи 10,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Тековната економска состојба на деловните субјекти во април 2012 година е понеповолна во однос на претходниот месец, а поповолна во однос на април 2011 година.

Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е понеповолна во однос на претходниот месец, а во однос на април 2011 година е поповолна, при што подобрувањето се должи пред се на порастот на домашните порачки, додека странските порачки растат побавно. Оценката за обемот на производство во изминатите три месеци е понеповолна во однос на март 2012

година, како и во однос на април 2011 година. Очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни и во однос на претходниот месец и во однос на април 2011 година

Во однос на бројот на вработените, очекувањата за наредните три месеци се понеповолни во однос на минатиот месец, а во однос на април 2011 година очекувањата се значително подобрени.

Просечното искористување на капацитетите во април 2012 година изнесува 58,8%, што претставува благо намалување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 59,9%. Споредено со април 2011 година, искористеноста на капацитетите е пониска за 3,4 п.п.

Залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Залихите на готовите производи се зголемени во споредба со претходниот месец и во споредба со април 2011 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, просечните набавни цени на инпутите и на продажните цени на готовите производи се очекува да се намалат.




Според оценките, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во април 2012 година имаат следните фактори: Недоволна странска побарувачка со 24,0%, Недоволна домашна побарувачка со 18,3%, Финансиските проблеми со 12,1%, Неизвесното економско опкружување со 9,7%, Недостиг на квалификувана работна сила со 7,6% и Конкурентен увоз со 7,5%.

Во април 2012 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле недостигот на опрема, конкурентниот увоз и финансиските проблеми како ограничувачки фактор во однос на март 2012 година, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле недостигот на суровини, недоволната странска побарувачка и неизвесното економско окружување. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во април 2012 година во однос на април 2011 година забележа намалување од 1,7%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторите Рударство и вадење на камен за 0,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,2%, додека намалување на бројот на работници на годишно ниво има во секторот Преработувачка индустрија од 2,1%.

Во секторот Рударство и вадење на камен регистриран е раст на бројот на работниците од 0,7%, како резултат на зголемување на бројот на работниците во гранките Вадење на руди на метал (2,7%) и Вадење на јаглен и лигнит (1,6%), додека кај гранката Вадење на други руди и камен е забележан пад на бројот на работници од 5,0%

Во секторот Преработувачка индустрија регистриран е пад на бројот на вработени од 2,1%. Значителен раст на бројот на работници на годишно ниво е регистриран во гранките: Производство на хартија и производи од хартија 11,8%, Производство на производи од гума и пластични маси 7,2%, Производство на метали 4,8% и Производство на мебел 2,7%




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2012 година во однос на април 2011 година покажуваат зголемување на бројот на работници кај групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 1,1% и Енергија за 0,1%, додека намалување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 8,1%, Трајни производи за широка потрошувачка за 3,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,0%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2012 година се издадени 200 одобренија за градба, што е за 9,1% помалку во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број на издадени одобренија за градење во однос на април 2011 година, кога беа издадени 210 одобренија, се намали за 4,8%.




Предвиденаta вредност на објектите, според издадените одобренија за градење изнесува 2.244 милиони денари, што е за 60,1% повеќе во однос на истиот месец од 2011 година, а во однос на март 2012 година вредноста на објектите бележи намалување за 37,1%.

Анализирано по видови на објекти, од вкупниот број на издадени одобренија за градење, 153 (или 76,5%) се наменети за објекти од високоградба, 17 (или 8,5%) за објекти од нискоградба и 30 (или 15%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови на инвеститори, од вкупно 200 објекти, на 157 (или 78,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 43 објекти (или 21,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Во април 2012 година е предвидена изградба на 442 станови, со вкупна корисна површина од 37.584 м$^2$.
Анализирано по региони, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 64, од кои за 46 одобренија инвеститори се физички лица, додека за 18 одобренија инвеститори се деловни субјекти.

Најмалку издадени одобренија има во Пелагонискиот регион, вкупно 6, од кои три одобренија за инвеститори - физички лица и три одобренија се издадени за инвеститори - деловни субјекти.

Во периодот од јануари-април 2012 година, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 251, од кои 151 за одобренија инвеститори се физички лица, а за 100 одобренија инвеститори се деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Вардарскиот регион, вкупно 45 одобренија, од кои за 27 одобренија инвеститори се физички лица, а за 18 одобренија инвеститори се деловни субјекти.




## Инфлација

Стапката на инфлација, измерена според Индексот на трошоци на живот, во април 2012 година изнесува 2,2% во однос на истиот месец претходната година. Просечната стапка на инфлација во првите четири месеци од 2012 година изнесува 2,5%.

На годишна основа, во април растот на цените е највисок во категоријата Домување од 5,5%, што се должи пред се на растот на цените за огрев и осветление кои забележаа раст од 7,8%. Категоријата Исхрана, која има најголемо учество во Индексот на трошоци на живот, не бележи промена на цените. Пад на цените е забележан во категоријата Административни и финансиски услуги од 0,5%. Кај останатите категории е забележан раст на цените, и тоа: Сообраќајни



средства и услуги 4,8%, Облека и обувки 3,9%, Ресторани и хотели 2,8%, Хигиена и здравје 2,5%, Култура и разонода 1,1% и Тутун и пијалаци 0,2%.

Стапката на инфлација во април споредено со претходниот месец изнесува 1,1%. Највисок раст на цените е регистриран во категоријата Облека и обувки од 2,2%, пред се како резултат на растот на цената за обувки. Во категоријата Исхрана месечниот раст на цените изнесува 1,6%, како последица на сезонскиот раст на цените за јајца, но и растот на цените на овошјето и зеленчукот. Растот на цените во категоријата Сообраќајни средства и услуги изнесува 1,3%, следен од растот на цените во категориите Хигиена и здравје 0,9%, Култура и разонода 0,6%, Домување 0,2 и Ресторани и хотели 0,1%. Цените останаа непроменети во категоријата Административни и финансиски услуги, додека пад на цените беше забележан во категоријата Тутун и пијалаци од 0,1%.

Цените на мало во април 2012 година се повисоки за 3,2% во однос на април 2011 година. Споредено со претходниот месец цените на мало се повисоки за 1,1%. Просечниот раст на цените на мало во првите четири месеци од 2012 година останува на нивото од 3,2%.

## Берзански цени

Во април 2012 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 3,6% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 120,5 долари за барел. Споредено со април 2011 година, цената на нафтата е пониска за 2,1%. Цената на природниот гас во април се намали за 4,4% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во април се тргуваше со просечна цена од 17.940 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 3,9%. Споредено со април 2011 година цената на никелот е пониска за околу 32%. Имено, во април се забележува општо намалување на цените на металите и минералите од околу 2% на месечна основа, при што пад бележат поголемиот дел од основните метали, што се должи на грижите за слабеење на глобалната побарувачка и високите, односно зголемените залихи на повеќето метали. Освен никелот, месечен пад на цените имаат забележано алуминиумот од 6,1%, калајот од 3,4%, цинкот од 1,7%. Благородните метали, исто така, забележаа месечен пад на цените. Цената на железните руда во април регистрираше раст од 2% во однос на претходниот месец. Цената на житото на светските берзи по умерениот раст во претходниот квартал во април бележи месечен пад од 6,2%.



# 2. Надворешно трговска размена

Вкупната надворешно - трговска размена во првите четири месеца од 2012 година се намали за 4,8% во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - април 2012 година физичкиот обем на извозот бележи пад од 13,9% во однос на истиот период 2011 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 932,4 милиони евра, што претставува пад од 6,0% (59,6 милиони евра) во однос на периодот јануари – април 2011 година, што во најголем дел се должи на помалку извезеното железо и челик, хемиски материјали и производи, минерални горива и мазива, овошје и зеленчук и др.




Анализирано на месечно ниво, во април 2012 година извозот бележи пад од 17,9% во однос на претходниот месец. Сезонско прилагоденото движење на извозот во април 2012 година бележи месечен пад од 15%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (2,9 п.п.) врз извозот во овој месец.







Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; фероникел; машини и апарати за филтрирање или пречистување на други гасови со каталичка постапка; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; табли, плочи, пултови, маси, ормани и други;машки кошули од памук; тутун; топло валани плоснати производи од железо или нелегиран челик со ширина 600мм или поголема; руди на олово и концентрати; руди на бакар и концентрати; лекови приготвени во одмерени дози и друго.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2012 година се: железо и челик со 22,2%, облека 15,1%, хемиски материи и производи 14,0%, нафта и производи од нафта 6,2%, пијалаци и тутун 5,8%, метална руда и отпадоци од метал 5,0%. Овие шест групи производи сочинуваат 68,3% од вкупниот извоз на државата.




Во првите четири месеци од 2012 година, гледано по економска намена најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриско производство (51,8%), потоа следуваат стоките за лична потрошувачка (31,8%), производите за инвестиции (9,4%) и енергијата (7,1%).

## Увоз

Увезените количини на стоки во периодот јануари - април 2012 година се намалени за 3,4% во однос на истиот период претходната година, а нивната вредност изнесува 1587,8 милиони евра, што претставува намалување за 4,0% во однос на периодот јануари - април 2011 година.




Анализирано на месечно ниво, во април 2012 година увозот бележи пад од 3,4% во однос на претходниот месец.

Сезонско прилагоденото движење на увозот во април 2012 година бележи месечен пад од 7,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,8 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV 2011 | I-IV 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 98,7 | 76,0 | -22,8 | -23,1 |
| Мил. ЕУР | 61,3 | 57,9 | -3,5 | -5,7 |
| Мил.$ | 85,6 | 76,1 | -9,6 | -11,2 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV 2011 | I-IV 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 441,4 | 333,5 | -107,9 | -24,5 |
| Мил. ЕУР | 247,1 | 227,1 | -20,0 | -8,1 |
| Мил.$ | 344,9 | 298,9 | -46,1 | -13,4 |

*)Претходни податоци

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: платина, необработена или во прав; нафта сурова; електрична енергија; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди; руди на никел и концентрати; топло валани со дебелина помала од 3мм; паладиум: необработен или во прав; масла за ложење; лекови приготвени во одмерени

дози; топло валани со дебелина од 3мм до 4,75мм; струганици, отсечоци и исечоци и слично; моторен бензин со октански број (РОН) од 95 до 98 и друго.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV 2011 | I-IV 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,6 | 5,9 | -1,7 | -22,8 |
| Мил. ЕУР | 150,3 | 130,4 | -19,9 | -13,2 |
| Мил.$ | 208,5 | 171,3 | -37,1 | -17,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV 2011 | I-IV 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,4 | 7,4 | -1,0 | -11,7 |
| Мил. ЕУР | 33,7 | 24,0 | -9,7 | -28,7 |
| Мил.$ | 46,9 | 31,6 | -15,2 | -32,5 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари-април 2012 година, покрај нафтата отпаѓа на обоени метали; предиво, ткаенини и текстилни производи; електрична енергија; железо и челик; друмски возила; метална руда и отпадоци од метал; гас, природен и индустриски и друго.

Гледано по економска намена во април 2012 година најголем удел во увозот имаат стоките за индустриско производство (40%), потоа следуваат: енергијата (23,5%), стоките за лична потрошувачка (22,5%) и производите за инвестиции (13,8%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV 2011 | I-IV 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 267,1 | 214,4 | -52,6 | -19,7 |
| Мил. ЕУР | 227,9 | 207,1 | -20,8 | -9,1 |
| Мил.$ | 316,9 | 272,1 | -44,8 | -14,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV 2011 | I-IV 2012 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 210,7 | 156,1 | -54,6 | -25,9 |
| Мил. ЕУР | 108,0 | 81,3 | -26,7 | -24,8 |
| Мил.$ | 150,0 | 106,7 | -43,2 | -28,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите четири месеци во 2012 година поради повисокиот апсолутен пад на увозот од извозот, трговскиот дефицит се стесни за 6,6 милиони евра или 1% во однос на истиот период минатата година.
Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, стеснувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: поголемото стеснување на негативното салдо во размената со стоките за индустриско производство и производите за инвестициите, додека во спротивна насока дејствуваше проширеното негативно салдо во размената со енергетските производи (горива и мазива) и стоките за лична потрошувачка.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - април 2012 година, споредено со истиот период 2011 година, извозот бележи пад кај групациите: Развиени земји, ЕУ 27, ЕФТА, Земји во развој и Западен Балкан, додека раст има кај групациите: Други развиени земји и неразвиени земји. Извозот во ЕУ бележи пад од 10,9% на годишно ниво, додека кај Земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 17%.

Во првите четири месеци од 2012 година, надворешно - трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период претходната година се намалила за 6,7%, пришто учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно - трговска размена бележи позитивно поместување од 2 п.п. и изнесува 59%, при што извозот на стоки учествува со 63,6%, а увозот на стоки со 56,2%.

Во периодот јануари - април 2012 година, 60,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Русија и Грција, а потоа следуваат: Србија, Кина, Турција, Швајцарија, Бугарија, Украина и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Босна и Херцеговина, САД и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 68,4% од трговската размена во периодот јануари - април 2012година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - април 2011 година претставува намалување од 1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 77,6% и 63,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,4 п.п., а зголемувањето на застапеноста кај увозот изнесува 2,0 п.п. во однос на истиот период 2011 година. Зголемувањето на структурното учество на еврото во увозот се должи на намалениот увоз од Велика Британија изразен во фунти со учество од 9,3% во валутната структура на увозот.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I-IV 2011 | | | | | I-IV 2012 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 933,1 | 1.015.849.282 | 61,5200 | 62.495.047.831 | 61,0 | 869,0 | 1.001.312.758 | 61,5394 | 61.620.186.347 | 63,0 | -14.536.524 | -1,4 |
| УСД | 976,2 | 595.425.664 | 42,6383 | 25.387.938.091 | 24,8 | 974,5 | 560.986.954 | 46,7293 | 26.214.527.686 | 26,8 | -34.438.710 | -5,8 |
| ГБП | 0,7 | 176.225.056 | 69,7080 | 12.284.296.171 | 12,0 | 1,0 | 121.019.986 | 74,7904 | 9.051.133.136 | 9,3 | -55.205.070 | -31,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.910,1 | | | 100.167.282.092 | 85,8 | 1.844,5 | | | 96.885.847.169 | 99,0 | | |
| вк извоз: | 1.913,3 | | | 102.382.894.368 | 100,0 | 1.847,4 | | | 97.819.479.265 | 100,0 | | -4,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари- април 2012 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 45.514 милиони денари, односно 9,6% од БДП, што претставува помало остварување за 1,0% во однос на 2011 година.

Даночните приходи за првите четири месеци се реализирани во износ од 24.932 милиони денари, односно 5,2% од БДП и во однос на истиот период 2011 година се зголемени за 0,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 13.060 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 52,4%. Акцизите се остварени во износ од 4.626 милиони денари (учество од 18,6% во даночните приходи). Така, од овие два даноци се остварени приходи од 17.686 милиони денари, односно 70,9% од вкупните даночни приходи (3,7% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 19.730,1 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 6.670,4 милиони денари (бруто наплатата е речиси

иста, односно пониска за 0,04%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 5,0% споредено со истиот период 2011 година).

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува раст од 2,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 4,3%, учеството на ДДВ донациите и каматата е незначително (0,8%) и забележува помало остварување за 8,4%, односно 92,5%. Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 3.106 милиони денари и се зголемени за 0,9% на годишна основа (околу 70,6%, од реализираниот персонален данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања).




Споредено со истите месеци во 2011 година приходите од данокот од добивка забележаа раст од 1,2%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по основ на наплатен данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката. Приходите од ДДВ забележаа пад од 2,0%, додека акцизите забележаа раст од 1,3%. Приходите од царина беа остварени во износ од 1.286 милиони денари и забележаа зголемување од 14,2%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 3.672 милиони денари и во однос на истиот период 2011 година се помали за 20,7% (во овие приходи се приходите од административни такси, патарини и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 3.256 милиони денари, што претставува зголемување од 11,7% во однос на истиот период претходната година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 12.905 милиони денари, што е повеќе за 2,3% споредено со истиот период од 2011 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување од 2,1%, кај придонесите за вработување од 2,6%, додека придонесите за здравствено осигурување забележаа зголемување од 2,7%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари- април 2012 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 49.931 милиони денари, односно 10,5% од БДП, што е повеќе за 1,1% во однос на 2011 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 44.181 милиони денари учествуваа со 88,5% (со учество од 9,3% во БДП) и се зголемени за 2,5% во однос на истиот период во 2011 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 30.502 милиони денари (6,4% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 7.557 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 15,1% и во однос на 2011 година се намалени за 1,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.411 милиони денари и споредено со истиот период од 2011 година се зголемени за 6,7%.

Трансферите забележаа зголемување од 2,3% споредено со истиот период 2011 година и истите учествуваа со 61,1% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 22.939 милиони денари, забележаа раст од 3,9% и учествуваа со 45,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 13.535 милиони денари, зголемување од 5,8%, споредено со истиот период 2011 година и 27,1% од вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи учествува со 14,6%, односно забележаа намалување од 2,9%, споредено со истиот период 2011 година. Оваа година речиси сите, односно 83 единици за локална самоуправа преминаа во втората фаза на децентрализација. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 4.557 милиони денари, беа реализирани повеќе за 1,9% помалку во однос на јануари- април претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени помалку за 12,5%.

Каматите се реализирани во износ од 711 милиони денари, што е повеќе за 28,1% во споредба со истиот период 2011 година. Ваквото зголемување е претежно поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 7,3%, додека за странство беа зголемени за 53,2%.

Во анализираниот период средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 5.750 милиони денари (1,2% учество во БДП), односно забележаа намалување во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари- април 2012 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 4.417 милиони денари, што претставува 0,9% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 3.056 милиони денари и претставува 0,6% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари-април 2012 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 67.535 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 40,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење на сезонски работи. Споредено со истиот период од 2011 година бројот на засновани нови работни односи е помал за 13,2%.

Во текот на месец април засновани се 18.281 нови работни односи, од кои 26,2% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во април изнесува 9.866, од кои 47,6% претставуваат нови засновани работни односи. Во април во Агенцијата регистриран е прилив од 5.543 лица, од кои 53,7% се лица на кои им престанал работниот однос. Резултатот е намалување на невработеноста за 4.323 лица, односно за 1,6% во однос на претходниот месец. Така, во април 2012 година бројот на невработени лица изнесува 272.392. Споредено со истиот месец од 2011 година, бројот на невработени лица е намален за 14,7%.




Најголем дел од невработените, односно 67,5% се од урбани средини (градско население), а 57,3% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 49% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 9,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 55,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 48,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,7% чекаат вработување 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во март 2012 година изнесува 30.876 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.081 денари.

На месечна основа, во март 2012 година просечната бруто плата забележа номинален раст од 2,0%, додека реално платата беше повисока за 1,6%, додека просечната нето плата номинално е повисока за 2,2%, а реално забележа раст од 1,8%.

Во март 2012 година во однос на истиот месец од 2011 година, просечната бруто плата забележа номинален раст од 2,2%, додека реално истата беше повисока за 0,8%. Во истиот период, просечната нето плата номинално беше повисока за 2,4%, додека реалната плата забележа раст од 1%.




Кумулативно, во првите три месеци од 2012 година, просечната бруто плата забележа номинален раст од 0,8%, додека реално истата беше пониска за 1,6%. Во истиот период, просечната нето плата номинално беше повисока за 1%, додека реалната плата забележа пад од 1,4%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во март 2012 година во однос на март 2011 година, е забележан во дејностите Информации и комуникации (49,2% бруто плата и 55,9% нето плата) и Стручни, научни и технички дејности (13,9% бруто плата и 16,8% нето плата).

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во март 2012 година во однос на февруари 2012 година, е забележан во дејностите Информации и комуникации (43,3% бруто плата и 48,0% нето плата); Градежништво (16,4% бруто плата и 14,8% нето плата) и Земјоделство, шумарство и рибарство (4,2% бруто плата и 3,9% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во март 2012 година изнесува 2%, и е повисок за 0,1 п.п. во однос на истиот месец од претходната година, а во однос на февруари 2012 година процентот на вработени кои не примиле плата е понизок за 0,7 п.п.

## Пензии

Во април 2012 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 280.266 пензионери, што претставува зголемување од 2,6% во однос на истиот месец од 2011 година. Во однос на март 2011 година бројот на корисници на пензија е помал за 92 лица. Од вкупниот број на пензионери 56,1% се корисници на старосна пензија, 27,3% на семејна пензија и 16,6% на инвалидска пензија.



За исплата на пензии во април 2012 година потрошени се 2.944,23 милиони денари, што претставува 49,7% од вкупните социјални трансфери[1].

Просечната пензија во април 2012 година изнесува 10.647 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 1,7%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2012 година (последни расположливи податоци) изнесува 51%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во април 2012 година примарните пари[2] забележаа засилен раст од 6,1% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките од 4,5%, додека готовите пари во оптек забележаа раст од 8,7% на годишна основа. На месечна основа, примарните пари забележаа раст од 8,5%, како резултат на падот на готовите пари во оптек од 2,2% и вкупната ликвидност на банките од 13,3%.

Народната банка на Република Македонија во април 2012 година изврши промени во оперативната рамка за спроведување на монетарната политика. Имено, беа воведени редовни неделни репо операции за обезбедување ликвидни средства во банкарскиот систем. Исто така, беше намалена фреквенцијата на аукциите на благајничките записи на еднаш во рамки на периодот на задолжителна резерва и се премина од тендер со неограничен износ кон тендер со ограничен износ и утврдена максимална каматна стапка на ниво од 4% на годишна основа. Од друга страна, беа воведени расположливи депозити на седум дена со каматна стапка од 2% годишно. Истовремено, беше намалена каматната стапка на расположливиот кредит преку ноќ од 1,5 на 0,5 п.п. над каматната стапка на благајничките записи, а се воведува и расположлив депозит преку ноќ со каматна стапка од 1% на годишна основа. На аукциите на благајнички записи, одржани во април, беше остварена просечна пондерирана каматна стапка од 3,96%.




[1] Категоријата социјални трансфери опфаќа пензиите, паричен надоместок во случај на невработеност, социјалните помошти и расходите за здравствената заштита.
[2] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[3] во април 2012 година забележа месечен пад од 0,7%, како резултат на намалувањето на депозитите на приватните претпријатија од 6,8%, заради извршена исплата на дивиденда на една поголема компанија кон државата и странскиот инвеститор. Депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,9%. Од аспект на валутата, денарските депозити се намалија за 1%, додека депозитите во странска валута се намалија за 0,3%.

На годишна основа, вкупните депозити забележаа забавување на растот на 9,3%, наспроти растот од 9,5% реализиран минатиот месец. Новото штедење главно произлегува од зголеменото штедење на домаќинствата од 11,2%, додека депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 6%. Анализирано според валутата, денарските депозити забележаа раст од 17,5% на годишна основа и остваруваат доминантен придонес во растот на вкупните депозити (91,8%). Девизните депозити го забрзаа растот, кој во април изнесува 1,5% наспроти 0,8% во март 2012 година. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 21,3%, а краткорочните депозити се повисоки за 7,5% на годишна основа.

## Кредити на банките

Во април 2012 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор на месечна основа се зголемија за 1,2%. Кредитите кон приватните претпријатија бележат раст од 1,6% во однос на претходниот месец и остваруваат доминантен придонес во растот на вкупните кредити (79,3%), додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,5%. Според валутната структура, денарските кредити се зголемија за 1,5% додека кредитите во странска валута се зголемија за 0,6%.




На годишна основа, растот на вкупните кредити се засили на 8,5% (наспроти 8% во март), во услови на засилен раст на кредитите кон приватните претпријатија од 9%. Кредитите кон домаќинствата забавија на 7%. Од валутен аспект, денарските кредити бележат годишен раст од 5,9%, додека кредитите во странска валута и натаму регистрираат висок раст од 15,9%. Од аспект на рочноста пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,9%, додека краткорочните кредити се повисоки за 1,6%.

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2012 година, вкупната каматна стапка на кредитите забележа намалување од 0,1 п.п., која се должи на намалувањето на каматната стапка на денарските кредити од 0,1 п.п.. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 8,6% и споредено со истиот месец претходната година е пониска за 0,3 п.п.. Каматната стапка на девизните кредити изнесува 7,1%, односно 0,4 п.п. пониска од истата во април 2011 година.




Вкупната каматна стапка на депозитите остана непроменета во однос на претходниот месец. Каматната стапка на денарските депозити на месечно ниво се зголеми за 0,1 п.п. и изнесува 5,4% што на годишна основа е пониско ниво за 0,7 п.п., додека каматната стапка на девизните депозити изнесува 2,3% или 0,5 п.п. под нивото од истиот месец минатата година.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на април 2012 година изнесуваа 2,062 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 5,8 милиони евра, додека во однос на април 2011 година девизните резерви се повисоки за 184,8 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

**www.finance.gov.mk**

**Извештајот го подготвуваат:**

Анета Ацевска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Нецати Куртиши

Ана Николова

**Контролира:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрува:** Јордан Трајковски

Скопје, јуни 2012 година